Врз основа на член 31 став 1 алинеа 18 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија (“Службен весник на РМ“ бр. 60/06, 150/10, 100/11, 20/15 и 61/15), а во врска со член 11 од Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија (“Службен весник на РМ“ бр. 20/15), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 26.05.2015 година го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
## за спроведување на психолошки тест и тест за интегритет

### Општи одредби

**Член 1**

Со овој правилник се уредува постапката на спроведување на психолошкиот тест и тест за интегритет на кандидатите за вршење на функцијата член на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија (во натамошниот текст: Советот) и начинот на одредување на овластена институција за спроведување на психолошкиот тест и тест за интегритет.

**Член 2**

Психолошкиот тест и тест за интегритет ги изготвуваат и спроведуваат стручни лица кои ги ангажира Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Судски совет) од независна и целосно акредитирана професионална институција, определена со одлука на Судскиот совет согласно Законот за јавни набавки.

Видот, поблиската содржина, бројот на зададените задачи, времетраењето на полагањето на секој од одделните тестови и критериумите за оценувањето, ги определува овластената институција со свој интерен акт, согласно психолошката наука и практика.

**Член 3**

Организацијата, спроведувањето, контролата и евиденцијата за спроведување на психолошкиот тест и тест за интегритет ја врши Судскиот совет.

Роковите за полагање на тестовите, се определуваат во согласност со овластената институција во рамки на законските рокови за избор на кандидати.

**Член 4**

Податоците во врска со подготовка, спроведување и оценување на тестовите имаат карактер на класифицирани информации со степен “интерно“ и со нив Судскиот совет и овластената институција постапуваат согласно Законот за класифицирани информации.

Судскиот совет е должен да се грижи за заштита на личните податоци, угледот и достоинството на кандидатите, односно да ги обработува и да ги чува личните податоци на кандидатите согласно со Законот за заштита на личните податоци.

**Психолошки тест**

**Член 5**

Психолошкиот тест се спроведува врз основа на меѓународно признати психолошки тестови.

Психолошкиот тест има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата член на Советот.

Психолошкиот тест се состои од:

- Прашалник за однос кон работата, што има цел да го утврди односот на кандидатот кон извршувањето на работните задачи;
- Тестови на когнитивни способности (вербални и невербални) со кои се мерат способностите на кандидатот за апстрактно резонирање и логичко расудување;
- Тест на личност со цел да се опишат определени лични карактеристики релевантни за успешно вршење на дејноста.
- 

**Тест за интегритет**

**Член 6**

Тестот за интегритет се заснова врз постојните етички и професионални кодекси и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на функцијата.

Тестот за интегритет се состои од:

- Тест што се спроведува во писмена форма и анонимно, врз основа на стандардно утврдена листа на прашања;
- Себепроцена(selfassessment), чија што цел е проверка на процената на кандидатот за конкретните состојби.

**Постапка на спроведување и оценување**

**Член 7**

Списокот на пријавени кандидати за полагање на тестови го подготвува Судскиот совет под испитни шифри.

При полагање на кандидатите не смеат да користат било какви електронски средства, средства за комуникација или друг вид помагала.

Во текот на полагањето кандидатите не смеат да го нарушат редот на полагањето и на кој било друг начин не смеат да ги попречуваат другите кандидати во полагање на тестот.

Во текот на полагањето не е дозволено напуштање на просторијата во која се одвива полагањето, освен во случај на итност.

Доколку кандидатот постапи спротивно на ставовите 2, 3 и 4 на овој член ќе биде отстранет од полагањето, неговиот тест ќе биде поништен и тој нема да биде предмет на разгледување и оценување, со што се смета дека не го положил психолошкиот тест или тестот за интегритет, што записнички се констатира.

**Член 8**

Психолошкиот тест, овластената институција го оценува со оценка “задоволува“ и “не задоволува“

Тестот за интегритет, овластената институција го оценува со оценка: „задоволува„ ; “делумно задоволува“ и “не задоволува“.

Се смета дека пријавеното лице кое добило оценка “не задоволува“ на психолошкиот тест не го положило психолошкиот тест и нема право да го полага тестот за интегритет.

Се смета дека пријавеното лице кое добило оцена “не задоволува“ на тестот на интегритет не го положило тестот за интегритет.

**Член 9**

Овластената институција согласно резултатите од спроведеното тестирање во рок од 3 дена изготвува стручно мислење за секој од пријавените кандидати кое го доставува до Судскиот совет и кандидатите.

Овластената институција на образец кој е составен дел на овој правилник, дава едно од следните стручни мислења:

-способен е (соодветен е) за вршење на функцијата; или

-не е способен (не е соодветен) за вршење на функцијата.

## Преодни и завршни одредби

**Член 10**

Одредбите на овој правилник ќе се применуваат при спроведување на првиот избор на членови на Советот, кој согласно Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија ("Службен весник на РМ" бр. 20/15) ќе го спроведе Комисија формирана од Судскиот совет на РМ .

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Бранко Ушковски**

Образец 1

Назив и седиште на Овластената институција
Бр.______________

_________________
(датум и место)

Врз основа на член____ од Правилникот за формата и содржината на психолошкиот тест и тест за интегритет за вршење на функцијата член на Советот__________________________________
(назив и седиште на овластената институција)
го дава следното

**С Т Р У Ч Н О М И С Л Е Њ Е**
**од спроведениот психолошки тест и тест за интегритет**
**за кандидатот** ________________________________________________
(име и презиме,адреса на живеење, и датум на раѓање**)**

Согласно резултатите од психолошкиот тест со оцена___________________________ и тестот за интегритет со оцена
(задоволува/не задоволува)
________________________________ се утврди дека кандидатот
(задоволува/делумно задоволува/не задоволува)

**СПОСОБЕН Е - НЕ Е СПОСОБЕН**
**за вршење на функцијата член на Советот**

**(СООДВЕТЕН Е/НЕ Е СООДВЕТЕН)**

Потпис и печат на овластено лице,
______________________________